**До:**

**Средствата за јавно информирање**

**Најава за настан: Тркалезна маса и презентација на резултати од анкета – 22.06.2023 /четврток/ – во хотел Мериот**

Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ **на 22 јуни 2023 година (четврток) од 11-13 часот во хотел Мериот Скопје** ќе организира Тркалезна маса на тема „Универзитети без корупција во Албанија, С. Македонија и Србија“**.** На тркалезната маса ќе бидат презентирани прелиминарните **резултати од анкетата за перцепциите на студентите за корупцијата во високото образование** во Албанија, С. Македонија и Србија спроведена во рамките на нашиот проект.

Истражувањето е спроведено преку користење на техника лице в лице во мај 2023 година, на примерок од 300 студенти во секоја земја. При креирањето на примерокот се внимаваше да се обезбеди пропорционална застапеност на универзитетите во примерокот според бројот на студенти, како и помалите универзитети да бидат застапени во статистички значаен број на испитаници.

Проектот „Универзитети без корупција во Албанија, С. Македонија и Србија“ е поддржан со регионален грант на СМАРТ БАЛКАН – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, регионален проект имплементиран од Центарот за промоција на граѓанското општество (ЦПЦД), Центарот за истражување и креирање политики (ЦРПМ) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и финансиски поддржан од норвешкото Министерство за надворешни работи (НМФА).

Изјава за медиумите ќе биде дадена **во 11 часот.** Во прилог ви ја доставуваме и програмата на настанот и предвидените говорници.